**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје**
**Факултет за електротехника и информациски технологии**

Број: 02-2959/118
Датум: 28.9.2011 г.
С К О П Ј Е

Врз основа на член 224 од Статутот на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и член 45 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Факултетот за електротехника и информациски технологии во состав на Универзитет „Св. Кирил и Методиј"-Скопје, Наставно-научниот совет на Факултетот, на седницата одржана на 28.9.2011 година донесе

# Одлука

за продолжување на рокот за пријавување
на тема за магистерски труд

1. На студентите запишани на втор циклус на студии во учебната 2008/2009 и во 2009/2010 година кои до 14. септември 2011 година не пријавиле тема за изработка на магистерски труд им се дозволува да пријават тема и по овој рок, но не подоцна од 15. септември 2012 година.
2. Студентите од точка 1 на оваа одлука должни се при запишување на зимскиот семестар од учебната 2011/2012 година да уплатат средства за административниот надоместок за задоцнето пријавување на тема за магистерски труд во висина што ќе ја утврди Деканарската управа.
3. Студентите запишани на втор циклус на студии во учебната 2010/2011 година кои не пријавиле тема за изработка на магистерски труд им се дава рок најдоцна од 15. септември 2012 година истиот да го пријават без да платат средства за административниот надоместок за задоцнето пријавување на тема за магистерски труд.
4. Одлуката да се достави до: Управата, веб страницата на ФЕИТ, продеканите секретарот, Сл. за студентски прашања, сметководство и архива на ФЕИТ.

Декан
Проф. д-р Миле Станковски

Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Факултет за електротехника и информациски технологии Република Македонија СКОПЈЕ